РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 17-3145/1
10.04. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 02-991/1
09.04 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година и врз основа на Договорот број. 02-2413/1 од 20.12.2017 и Анексите кон истиот склучени помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација претставувана од Федералниот департмент за надворешни работи дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/ Швајцарска агенција за развој и соработка, се склучува:

# ДОГОВОР

## за трансфер на парични средстава

Склучен на ден 08.04.2020 помеѓу:

1. **Министерството за локална самоуправа,** со ЕДБ 4030998357323, со седиште на бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје, претставувано од министерот м-р Горан Милевски (во понатамошниот текст: МЛС) од една страна,

и

2. **Министерството за здравство,** со ЕДБ 4030990253804, со седиште на ул. „50-та Дивизија бр. 15", Скопје, претставувано од министерот за здравство Венко Филипче (во понатамошниот текст: МЗ), од друга страна.

Член 1

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година се врши трансфер на средства од сметка на Министерство за Локална Самоуправа - ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ 1 ФАЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕ, Сметка 1910115210785Б8, Приходно конто 742115, Потпрограма ОА, во износ од **14.473.576,00 без ДДВ** на сметка на Министерство за здравство, Банка на примач: НБРСМ, Сметка бр: 100000000063095, Сметка на Буџетски корисник: 1900100434785К2, Приходна шифра:744311, Програма: 10, **кои се дел од Грантовата шема за инвестициски проекти од областа на социјалната инклузија предвидени во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој".**

Средствата наведени во став (1) од овој член ќе бидат искористени за набавка на **монтажни контејнери – мобилна болница, кои ќе служат за потребите на Министерството за здравство заради справување со вирусот Ковид 19.**

Член 2

Средствата кои се предмет на овој Договор се обезбедни преку Договорот број. 02-2413/1 од 20.12.2017 и Анексите кон истиот склучени помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација претставувана од Федералниот департмент за надворешни работи дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/ Швајцарска агенција за развој и соработка.

Член 3

Министерството за здравство, по спроведената посапка за јавна набавка и склучување на Договорот, е должно да ја информира Владата на Република Северна Македонија, како и по целосното фактичко и финансиско реализирање на Договорот.

Министерството за здравство ќе дозволи и обезбеди увид на целокупната документација во оригинална форма во било кое време за потребите на ревизорската куќа ангажирана од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој.

Член 4

Министерството за здравство ќе го следи имплементирањето на Договорот со сопствени стручни капацитети согласно позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија.

Министерството за здравство ќе ја следи и финансиска реализација на договорот за јавна набавка и целокупната финансиска документација во оригинал ќе ја достави на увид на ревизорската куќа ангажирана од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој.

Член 5

По престанување на потребата на Министерството за Здравство за надминување на состојбата со Ковид 19 во Република Северна Македонија, сопственоста на предметот на набавката ќе биде регулиран согласно Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година, а за истото до Владата на Република Северна Македонија ќе се достави Информација во која ќе се утврдат актуелните потреби на сите страни вклучително и донаторот, а во согласност со позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија.

Член 6

Во случај на спор ќе одлучува надлежниот суд.

За се останато што не е регулирано со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 7

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Скопје, април 2020 година

| | |
|---|---|
| **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**<br>**Министер,**<br>**м-р Горан Милевски** | **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**<br>**Министер,**<br>**Венко Филипче** |